# МЕНАЏЕР ЗА МАРКЕТИНГ - KFC Северна Македонија

## За KFC

Сите ние сакаме пилешко, но она што навистина нè издвојува од другите се нашите луѓе со одлични идеи, кои стојат зад успехот на KFC.
Затоа, бараме квалификувани кандидати кои ја споделуваат нашата визија, вредности и посветеност кон нашите луѓе, како и кон обезбедување врвна услуга за нашите гости.

## Работни задачи и одговорности:

- Подготвува и реализира маркетинг календар;
- Креира и реализира стратегија на брендот согласно насоките на Франшизерот;
- Управува со соработката и односите со медиумските агенции;
- Управува со соработката со постојната маркетинг агенција и учествува во понатамошниот развој на брендот;
- Подготвува прогнози за продажните таргети;
- Креира маркетинг стратегии за зголемување на приходите;
- Спроведува локални маркетинг активности;
- Ги следи резултатите преку KPI показатели;
- Работи согласно SOP (Стандардни оперативни процедури);
- Креира и реализира PR стратегија на брендот согласно насоките и стандардите на брендот;
- Ги применува и почитува сите важечки правила, закони и директиви во Република Северна Македонија.

## Кого бараме?

Ќе бидете Менаџер со можност за понатамошен раст и развој во рамките на компанијата. Како дел од менаџерскиот тим, потребно е континуирано да ги поддржувате луѓето со кои работите и да ги водите со посветеност кон остварување на визијата на компанијата.
Како Менаџер за маркетинг, ќе одговарате директно пред Управниот директор и ќе имате клучна улога во развојот и растот на компанијата.

## Оваа позиција исто така бара:

- Bachelor или Master диплома од областа на маркетинг, бизнис или сродна област;
- Најмалку 2 години работно искуство на менаџерска позиција во маркетинг или на позиција поврзана со оваа област;
- Одлични стратешки, организациски и вештини за донесување одлуки;
- Одлични комуникациски вештини;
- Одлични интерперсонални вештини и емпатија;
- Добри аналитички способности и способност за работење со интегритет, професионалност и доверливост;
- Напредно познавање на основните компјутерски програми, вклучувајќи ги MS Office апликациите;
- Луѓе со одлични идеи кои сакаат да се насмевнуваат.

## Што ви нудиме?

- Професионални обуки во земјата и странство;
- Бесплатен дневен оброк со нашите KFC производи, во вредност до **150 EUR месечно**;
- **20% попуст** при секое дополнително купување;
- Бесплатна храна и пијалаци во канцеларијата;
- Службено возило на располагање во текот на работното време;
- Електронски уреди за работа (телефон, лаптоп и други уреди);
- Регрес за годишен одмор (**К-15**), согласно важечките законски прописи.